ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТКИ ДОМ „ 11 ОКТОМВРИ " - СКОПЈЕ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври“
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori“
Бр.-Nr. 01-436/2
30.06.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

**Јавна Установа**

**Детски дом „11 Октомври„- Скопје**

## Април - Јуни

**в.д Директор**

**м-р Розетка Влаховиќ**

***Скопје, 2025***

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТКИ ДОМ „ 11 ОКТОМВРИ " - СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Центар за поддршка на згрижувачки семејства

## Април – Јуни 2025 година

Ј.У ДЕТСКИ ДОМ 11 ОКТОМВРИ-СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Квартален извештај за активностите на**
**Центар за поддршка на згрижувачки семејства**
**за период од 01.04.2025-30.06.2025 година**

Бројот на згрижувачки семејства и сместени корисници заклучно со 30.06.2025 година во регионите односно општините за кои е надлежен нашиот Центар за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ Детски дом 11ти Октомври, Скопје е **вкупно 181** згрижувачко семејство од кои **116 згрижувачки семејства** (општи и специјализирани) и **65 роднински згрижувачки семејства, а бројот на сместени корисници во рамки на згрижувачките семејства заклучно со 30.06.2025 година, изнесува 230 корисници во општи и специјализирани семејства, и 89 во рамки на роднинските згрижувачки семејства, или вкупен број на сместени корисници е 319.**

**Бројот на нови згрижувачки семејства** во вториот квартал од 2025 година е пет (5) нови згрижувачки семејства од кои две (2) општи згрижувачки семејства едно (1) од Скопје и едно (1) од Скудриње, Гостивар како и три (3) роднински згрижувачки семејства и тоа едно (1) во Куманово, едно (1) во Скопје и едно (1) во Пехчево.

Затворено е едно (1) општо згрижувачко семејство од Скопје, и две (2) роднински згрижувачки семејства. Причината за престанок на функцијата згрижувач кај општото згрижувачко семејство произлезе поради напуштање на државата, додека пак кај роднинските згрижувачки семејства фукнцијата на роднински згрижувач престанува со полнолетство на сместените корисници. Воедно, од страна на стручниот тим на Центарот за поддршка на згрижувачки семејства, две општи згрижувачки семејства се стркнаа и со сертификат за специјализирани згрижувачки семејства и тоа едно специјализирано згрижувачко семејство за деца со попреченост, а едно е специјализирано згрижувачко семејство за деца жртви на насилство. Во изминатиот квартал до Центарот за поддршка на згрижувачки семејства беа поднесени вкупно девет (9) нови барања од потенцијални згрижувачки семејства од кои 5 роднински згрижувачки семејства и 4 општи згрижувачки семејства. По превземените активности за проценка на подобноста на потенцијалните згрижувачки семејства, Стручниот тим даде четири (4) негативни проценка и тоа за две општи и две роднински згрижувачки семејства и пет (5) позитивни проценки и тоа кај две (2) општи згрижувачки семејства и три (3) роднински згрижувачки семејства.

Од вкупниот број на сместени корисници во овој квартал има престанок за вкупно 5 корисника од кои како причини за престанок се следниве: три (3) корисника се се осамостоиле по полнолетство, едно (1) дете е дадено во посвоителско семејство, и еден корисник (1) ја промени формата на згрижување.

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје во изминстиот квартал, постапуваше по 28 барања за избор (сместување) на згрижувачко семејство и тоа од градовите, Скопје, Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Кочани, Кавадарци, Охрид, Кратово,Гостивар и др. По однос


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

на сите поднесени барања, Стручниот тим презеде активности при избор на згрижувачко семејство и притоа позитивно одговори на 11 барања и тоа на ЈУМЦСР Скопје, Тетово, Битола, Кратово, Кочани, Гостивар при што се сместени 15 корисника кои се под старателство на ЈУ МЦСР Скопје, Кочани, Битола, Кратово, Гостивар, Куманово. При изборот на соодветно згрижувачко семејство, Стручниот тим соработуваше, се координираше (преку телефонска и лична комуникација) реализираше заеднички координативни средби со надлежните Центри за социјална работа за корисникот.

Стручниот тим од ЦПЗС Скопје, во изминатиот период ги реализираше редовните квартални посети во згрижувачките семејства, но исто така реализираше и низа на дополнителни ненајавени посети по претходно проценета состојба и утврдена потреба и тоа при процесот на следење на адаптација на корисник во семејството, увиди при проценка на подобноста на нови односно потенцијалните згрижувачки семејства, како и репроценка на веќе постоечките згрижувачки семејства како и интензивна поддршка поради кризна состојба во семејството. **Вкупниот број на реализирани посети за изминатиот квартален период е 223.** Увидите се реализирани во општините на Град Скопје, Куманово, Тетово, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Штип, Крива Паланка, Кратово, Кочани, Виница, Гостивар, Пробиштип-Злетово, Пехчево. Како дел од процесот на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници покрај кварталните посети во домот на згрижувачкото семејство, реализирани се и индивидуани средби како и средби во група, размена на информации со стручните служби од училиштата каде децата посетуваат настава како и предучилишните установи и слично.

Во текот на месец Април, реализирани се обуки на темите: " Трговија со луѓе" и " Емоции и емоционаелн развој кај деца и адолесценти", како дел од задолжителните дополнителни обуки за јакнење на компетенциите и знаењата на згрижувачите.

Покрај постапувањата по нови Барања од потенцијалните згрижувачки семејства, Стручниот тим од ЦПЗС Скопје во континуитет постапува и по поднесените барања за репроценка на веќе постоечките згрижувачки семејства и во изминатиот тримесечен период спроведе репроценка на подобноста на (40) четириесет згрижувачки семејства.

Комуникацијата со сите Центри за социјална работа се одвива во континуитет и најчесто се однесува на прашања за потреба од избор на згрижувачко семејство, за самите згрижувачки семејства и согледани состојби во врска со сместеното дете, деца или лица, потреба за сместување или реинтеграција на дете/деца или лице и промена на формата на грижа воопшто.

Како Центар за поддршка на згрижувачки семејства во рамки на своите овластувања и надлежности својот фокус го ставаме на регрутирање и развивање на мрежата на згрижувачки семејства , но воедно и на јакнење на веќе постоечките згрижувачки семејства, насочени сме кон подигнување на квалитето на грижа и тоа


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

преку поставување на поголеми критериуми и барања до згрижувачките семејства. Во таа насока особено внимание стручните работници посветуваат на следење на квалитетот на грижа кон сместените корисници и напредокот на децата во згрижувачки семејства.

Особен предизвик за нас во континуитет преставуваат барањата за специјализирано згрижување. Имено, бројот на специјализирани згрижувачки семејства на ниво на целата држава е недоволен да одговори на потребите и барањата на центрите за социјална работа. Свесни сме за сето она кое следува во однос на очекуваните барања за откажување од грижа пред се поради возраста на самите згрижувачки семејства и нивната истрошеност кога станува збор за грижата на децата или лицата со попреченост . Но, сметаме дека како проблем е и самиот факт што се помалку има заинтересирани згрижувачки семејства кои би се предодредиле да бидат специјализирани за деца/лица со попреченост. Би сакале да истакнеме дека како причина за тоа се и негативните искуства кои ги имаат веќе постоечките специјализирани згрижувачки семејства , а кои ги споделуваат проблемите со кои секојдневно се соочуваат пред се поради немањето на поддршка од здравствениот систем па и образовниот (мал број на образовни асистенти), немањето на доволно комисии за проценка на функционалноста на децата, чекањето на термини, скапата терапија и слично. Немањето на други алтернативни форми за деца со попреченост (кои би биле помош од времен карактер) преставува предизвик во ситуации кога во даден момент нема друга форма на заштита, па во таа насока би требало да се размислува за можноста од развивање на други привремени алтернативни форми до изнаоѓање на адекватно специјализирано згрижувачко семејство.

На ден 30.05.2025 година ЈУ Детски дом 11ти Октомври го одбележа Денот на згрижувачките семејства. Настанот се одржа во дворот на Установата и на истиот присуствуваа преставници од ресорното Министерство односно Кабинет на Заменик Министер како и самиот заменик Министер г-дин Ѓоко Велковски , градоначалникот на општина Кисела Вода Орце Ѓеоргиевски со свпи соработници, соработници како и директори и стручни тимови од Центрите за социјална работа од регионите за кои сме надлежни, згрижувачи и деца, колеги итн. Настанот се организираше со голема поддршка и соработка со Црвениот крст на град Скопје.

Во насока на унапредување на услугата – згрижување во згрижувачко семејство беше одржана работна средба на 13 и 14ти Јуни во Велес заедно со Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при СОС Детско село и ЦПЗС при ЈУ Дом за доенчиња и мали деца од Битола, каде Директорката на Установата и Раководителот на ЦПЗС при ЈУ Детски дом 11ти Октомври ги истакнаа потребите но и предизвиците со кои се соочуваат при секојдневната работа како и предлози за унапредување на услугата и надминување на сите предизвици со кои се соочуваме. Од средбата произлегоа


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

конкретни и конструктивни заклучоци и предлози кои ќе бидат пренесени до надлежното Министерство.

Центарот за поддршка на згрижувачки семејства при ЈУ Детски дом 11ти Октомври, Скопје, Скопје во континуитет спроведува активности и превзема дејствија кои се во негова надлежност, а се со цел поддршка на постоечките но и на проценка на новите како и промовирање на формата - згрижување во згрижувачко семејство со цел развивање и зајакнување на мрежата на згрижувачки семејства.

Изработил,
Ана Панчева,
Раководител
Центар за поддршка на згрижувачки семејства
ЈУ Детски дом 11ти Октомври-Скопје


Јавна установа Детски дом„11 Октомври"-Скопје
Ул.Васил Ѓоргов бр.25".....
Република Северна Македонија
+38902/3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТКИ ДОМ ,, 11 ОКТОМВРИ " - СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## Материјално - финансиски

## Април – Јуни 2025 година

Влада на Република Северна Македонија

# -ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ"-СКОПЈЕ-

## КВАРТАЛЕН МАТЕРИЈАЛЕН ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕРИОД АПРИЛ- 2025 година

Буџетските средства за потребите на Установата во основа се распределени според бројот на корисниците и во зависност од специфичните потреби и дејностиа на Установата.

Врз основ на критериумите од ова решение, за Установата е одобрен буџет на Раздел 15001 подпрограма 42 и потпрограма 46, по расходни ставки како во кварталниот извод - финансиски план на програмата 42 и 46, што е прилог и составен дел на Решението на Министерството за социјална политика демографија и млади.

Во текот на годината Министерството за социјална политика демографија и млади, може да изврши промена и усогласување на финансовите планови од ова решение во зависност од динамиката и реализацијата на буџетот.

Во кварталниот финансов план за втор квартал за 2025 година се обезбедени средства за ЈУ Детски Дом „11 Октомври" по основ на потпрограма 42 и 46, вкупно 2.717.492,00 денари.

**Потрошени средства за втор квартал 2025 година програма 42 по расходни ставки**

- 420 Патни трошоци и дневни расходи 2.000,00
- 421 Комунални расходи 943.184,00
- 423 Материјали и ситен инвентар 14.550,00
- 424 Поправки и тековно одржување 66.525,00
- 425 Договорни услуги 406.126,00
- 426 Други расходи 78.172,00
- 464 Разни трансфери 83.998,00

**ВКУПНО : 1.594.555,00**

**Потрошени средства за втор квартал 2025 година програма 46 по расходни ставки**

- 420 Патни и дневни расходи 5.000,00
- 421 Комунални расходи 154.469,00
- 423 Материјали и ситен инвентар 456.228,00
- 424 Поправки и тековно одржување /
- 425 Договорни услуги 505.440,00
- 426 Други расходи 1.800,00
- 464 Разни трансвери /

**ВКУПНО: 1.122.937,00**

ЈУ Детски Дом „11 Октомври" - IP Shtëpia ... Скопје - Shkup

Елизабета Јаревска


Јавна Установа Детски Дом 11Октомври-Скопје

Ул. „.Васил Ѓоргов
бр.25...............................................
Република Северна Македонија

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.04-30.06.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-150010259360311**
**ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ**

| 42 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | | | 4,636,073.00 |
| **1 ПРИХОДИ** | | | |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | 4,636,073.00 |
| **2 РАСХОДИ** | | | |
| **401-Основни плати и надоместоци** | | **2,189,889.00** | |
| 401120 - Основни плати државни службеници | 1,381,048.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 648,387.00 | | |
| 401310 - Персонален данок од плата | 160,454.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| **402-Придонеси за соц. осигурување од плата** | | **851,629.00** | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 571,807.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 228,117.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 15,205.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 36,500.00 | | |
| 403110 - Фонд за води | | | |
| **404 - Надоместоци** | | - | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| **420-Патни и дневни расходи** | | **2,000.00** | |
| 420120 - Патни расходи | 1,000.00 | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | 1,000.00 | | |
| **421-Комунални услуги** | | **943,184.00** | |
| 421110 - Електрична енергија | 75,197.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 4,424.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | 60,520.00 | | |
| 421190 - Други комунални такси и услуги | | | |
| 421210 - Централно греење | 704,191.00 | | |
| 421310 - Пошта | 3,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 34,113.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | | | |
| 421410 - Гориво и масло | 47,872.00 | | |
| 421420 - Регистрација на возила | 11,867.00 | | |
| 421440 - Транспорт на луѓе | 2,000.00 | | |
| **423- Ситен инвентар, алат и други матер. за по** | | **14,550.00** | |
| 423110 - Канцелариски материјали | | | |
| 423120 - Списан. весн. и друго | | | |
| 423310 - Униформи | | | |
| 423320 - Обувки | | | |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | | | |
| 423510 - Лекови | | | |
| 423590 - Други медицински материјали | 1,550.00 | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | | | |
| 423720 - Материјали за разни поправки | | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | | | |
| 423990 - Други материјали | 13,000.00 | | |
| **424- Поправка и тековно одржување** | | **66,525.00** | |
| 424110 - Сервисирање на возила | 24,290.00 | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420 - Поправка и одржување на софтвер | 16,692.00 | | |
| 424440 - Поправка и одрување на др.опрема | 25,543.00 | | |
| **425 - Договорни услуги** | | **406,126.00** | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | | | |
| 425220 - Банкарска провизија | 3,600.00 | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | | | |
| 425310 - Правни услуги | 132,076.00 | | |
| 425320 - Судски вештачења | | | |
| 425420 - Примарна здравствена заштита | | | |
| 425490 - Други здравствени услуги | 4,350.00 | | |
| 425740 - Дополнителни активности | | | |
| 425970 - Консултантски услуги | | | |
| 425990 - Други договорни услуги | 266,100.00 | | |
| **426 - Други тековни расходи** | | **78,172.00** | |
| 426210 - Репрезентација | 12,000.00 | | |
| 426310 - Семинари, советувања | | | |
| 426410 - Објавувања огласи | 26,132.00 | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | 40,040.00 | | |
| **464 - Разни трансфери** | | **83,998.00** | |
| 464940 - Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990 - Разни трасфери | 83,998.00 | | |
| **480-Купување на опрема и машини** | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

**РАСПРЕДЕЛБА**

| | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 4,636,073.00 |
| Вкупни расходи | 4,636,073.00 |

Изготвил
Елизабета Јаревска

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.04-30.06.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-150010259360311 ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ**

| 46 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| | | | 5,161,736.00 |
| **1 ПРИХОДИ** | | | |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | 5,161,736.00 |
| **2 РАСХОДИ** | | | |
| **401-Основни плати и надоместоци** | | **2,907,936.00** | |
| 401120 - Основни плати државни службеници | 2,422,077.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 271,893.00 | | |
| 401310 - Персонален данок од плата | 213,966.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| **402-Придонеси за соц. осигурување од плата** | | **1,130,863.00** | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 759,298.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 302,911.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 20,190.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 48,464.00 | | |
| 403110 - Фонд за води | | - | |
| **404 - Надоместоци** | | | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| **420-Патни и дневни расходи** | | **5,000.00** | |
| 420120 - Патни расходи | | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | 5,000.00 | | |
| **421-Комунални услуги** | | **154,469.00** | |
| 421110 - Електрична енергија | 107,675.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 8,328.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | | | |
| 421190 - Други комунални такси и услуги | 1,680.00 | | |
| 421210 - Централно греење | 18,879.00 | | |
| 421310 - Пошта | 4,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 13,907.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | | | |
| 421410 - Гориво и масло | | | |
| 421420 - Регистрација на возила | | | |
| 421440 - Транспорт на луѓе | | | |
| **423- Ситен инвентар, алат и други матер. за по** | | **456,228.00** | |
| 423110 - Канцелариски материјали | | | |
| 423120 - Списан. весн. и друго | | | |
| 423310 - Униформи | 20,000.00 | | |
| 423320 - Обувки | 10,000.00 | | |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | 364,504.00 | | |
| 423510 - Лекови | 3,000.00 | | |
| 423590 - Други медицински материјали | | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | 42,820.00 | | |
| 423720 - Материјали за разни поправки | 9,904.00 | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | | | |
| 423990 - Други материјали | 6,000.00 | | |
| **424- Поправка и тековно одржување** | | - | |
| 424110 - Сервисирање на возила | | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420 - Поправка и одржување на софтвер | | | |
| 424440 - Поправка и одрување на др.опрема | | | |
| **425 - Договорни услуги** | | **505,440.00** | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | 430,540.00 | | |
| 425220 - Банкарска провизија | | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | | | |
| 425310 - Правни услуги | | | |
| 425320 - Судски вештачења | | | |
| 425420 - Примарна здравствена заштита | | | |
| 425490 - Други здравствени услуги | | | |
| 425740 - Дополнителни активности | 74,900.00 | | |
| 425970 - Консултантски услуги | | | |
| 425990 - Други договорни услуги | | | |
| **426 - Други тековни расходи** | | **1,800.00** | |
| 426210 - Репрезентација | | | |
| 426310 - Семинари, советувања | | | |
| 426410 - Објавувања огласи | | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | 1,800.00 | | |
| **464 - Разни трансфери** | | - | |
| 464940 - Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990 - Разни трасфери | | | |
| **480-Купување на опрема и машини** | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

| РАСПРЕДЕЛБА | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 5,161,736.00 |
| Вкупни расходи | 5,161,736.00 |

Изготвил
Елизабета Јаревска

## ПРЕГЛЕД

### НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ОД 01.04-30.06.2025 ГОД. И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА С/КА-150010259360311 ПРИ ЈУ ДЕТСКИ ДОМ "11 ОКТОМВРИ" -СКОПЈЕ

| 42+46 | АНАЛИТИЧКО | СИНТЕТИЧКО | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **1 ПРИХОДИ** | | | 9,797,809.00 |
| 741 - Трансфери од друхи нивоа на власт | | | |
| 741111 - Тековни трансф. Од други нивоа | | | |
| **2 РАСХОДИ** | | | 9,797,809.00 |
| **401-Основни плати и надоместоци** | | **5,097,825.00** | |
| 401120 - Основни плати државни службеници | 3,803,125.00 | | |
| 401130 - Основни плати - други вработени | 920,280.00 | | |
| 401310 - Персонален данок од плата | 374,420.00 | | |
| 401320 - Персонален данок од надоместоци | | | |
| **402-Придонеси за соц. осигурување од плата** | | **1,982,492.00** | |
| 402110 - Осн.прид.за ПИО | 1,331,105.00 | | |
| 402210 - Основ.прид.за здрав. | 531,028.00 | | |
| 402220 - Осн.прид.за проф. заб. | 35,395.00 | | |
| 402310 - Основ.прид.за враб. | 84,964.00 | | |
| 403110 - Фонд за води | | | |
| **404 - Надоместоци** | | - | |
| 404110 - Надомест за годишен одмор | | | |
| **420-Патни и дневни расходи** | | **7,000.00** | |
| 420120 - Патни расходи | 1,000.00 | | |
| 420140 - Патув.во земј. - Споредни расходи | 6,000.00 | | |
| **421-Комунални услуги** | | **1,097,653.00** | |
| 421110 - Електрична енергија | 182,872.00 | | |
| 421120 - Водовод и канализација | 12,752.00 | | |
| 421130 - Ѓубретарина | 60,520.00 | | |
| 421190 - Други комунални такси и услуги | 1,680.00 | | |
| 421210 - Централно греење | 723,070.00 | | |
| 421310 - Пошта | 7,000.00 | | |
| 421320 - Телефон и телефакс | 48,020.00 | | |
| 421390 - Други трошоци за комуникација | | | |
| 421410 - Гориво и масло | 47,872.00 | | |
| 421420 - Регистрација на возила | 11,867.00 | | |
| 421440 - Транспорт на луѓе | 2,000.00 | | |
| **423- Ситен инвентар, алат и други матер. за по** | | **470,778.00** | |
| 423110 - Канцелариски материјали | | | |
| 423120 - Списан. весн. и друго | | | |
| 423310 - Униформи | 20,000.00 | | |
| 423320 - Обувки | 10,000.00 | | |
| 423410 - Прехрамбени продукти и пијалоци | 364,504.00 | | |
| 423510 - Лекови | 3,000.00 | | |
| 423590 - Други медицински материјали | 1,550.00 | | |
| 423710 - Средства за одржување хигиена | 42,820.00 | | |
| 423720 - Материјали за разни поправки | 9,904.00 | | |
| 423910 - Материјали за специјални намени | | | |
| 423990 - Други материјали | 19,000.00 | | |
| **424- Поправка и тековно одржување** | | **66,525.00** | |
| 424110 - Сервисирање на возила | 24,290.00 | | |
| 424210 - Одржување на зграда | | | |
| 424230 - Дезинфекција дезинсек.дератизација | | | |
| 424420 - Поправка и одржување на софтвер | 16,692.00 | | |
| 424440 - Поправка и одрување на др.опрема | 25,543.00 | | |
| **425 - Договорни услуги** | | **911,566.00** | |
| 425130 - Изнајмување на друг тип на простор | 430,540.00 | | |
| 425220 - Банкарска провизија | 3,600.00 | | |
| 425230 - Осигурување на вработени | | | |
| 425250 - Осигурување на недвижности и права | | | |
| 425260 - Осигурување на моторни возила | | | |
| 425310 - Правни услуги | 132,076.00 | | |
| 425320 - Судски вештачења | | | |
| 425420 - Примарна здравствена заштита | | | |
| 425490 - Други здравствени услуги | 4,350.00 | | |
| 425740 - Дополнителни активности | 74,900.00 | | |
| 425970 - Консултантски услуги | | | |
| 425990 - Други договорни услуги | 266,100.00 | | |
| **426 - Други тековни расходи** | | **79,972.00** | |
| 426210 - Репрезентација | 12,000.00 | | |
| 426310 - Семинари, советувања | | | |
| 426410 - Објавувања огласи | 26,132.00 | | |
| 426990 - Други оперативни расходи | 41,840.00 | | |
| **464 - Разни трансфери** | | **83,998.00** | |
| 464940 - Трансфери при пензионирање | | | |
| 464990 - Разни трасфери | 83,998.00 | | |
| **480-Купување на опрема и машини** | | - | |
| 480190- Купување на друга опрема | | | |

| РАСПРЕДЕЛБА | |
|---|---|
| Вкупни приходи | 9,797,809.00 |
| Вкупни расходи | 9,797,809.00 |

Изготвил
Елизабета Јаревска

ЈАВНА УСТАНОВА ДЕТКИ ДОМ ,, 11 ОКТОМВРИ " - СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Правникот

## Април – Јуни 2025 година

# Квартален тримесечен извештај за период април, мај и јуни 2025 година од правникот на Установата

Во извештајниот период се извршуваа работите од својот делокруг, редовно и навремено.

- изготвени се Решенија за годишни одмори и Решенија за слободни денови од оценување;
- Потврди ;
- Полномошно;
- Известувања за вработените;
- Задолженија за вработените;
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.У. Детски дом „11 Октомври"- Скопје
- Решенија за одобрување на исплата на парична помош во случај на смрт на член на семејство;
- Изготвени се Договори за дела/извршување на интелектуална работа;
- Анекси на договори;
- Записници за донација;
- Решение за формирање на комисија за донација,попис,расход итн.;
-Решенија за исплата на јубилејна награда
-Решенија за службено патување во странство
- Договор за санитарен преглед на вработените
- Пополнување образци и праќање до Ј.У Завод за социјални дејности- Скопје за потребите на Министерството за социјална политика , демографија и млади , изготвува анализа за услугите во системот на социјалната заштита.
- Пополнување образеци и праќање до Државниот завод за статистикана Република Северна Македонија за Статистичко истражување за индекс на цена на трудот;
- Остварува редовни контакти со другите вработени и со други институции во доменот на својата работа;
- како и други нормативнио-правни и други административни работи.

Архивското работење се извршуваше редовно и навремено согласно законските прописи.

**Кадрова екипираност -** Во овој квартален период нема нови вработувања .Во овој квартален период продолжија да се склучуваат договори за дело/ договори за извршување на интелектуална работа со двајца извршители -правник и економист. Вкупниот број на вработени на неопределено време е 46 извршители.

**Дисциплински постапки** – во овој период немаше никакви опомени и поведени дисциплински постапки.


Јавна установа Детски дом 11 Октомври Скопје
Institucioni Publik shtëpia e fëmijëve 11 tetor Shkup
Ул. „Васил Ѓоргов 25
Република Северна Македонија
Rr.Vasil Gorgov 25
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk

**Донации-** Во овој квартален период, редовно записнички се примаа донациите и истите ќе се доставуват до најбрз можен рок до ресорното Министертсво за социјална политика, демографија и млади.

**Сфера на управување на Установата-** Во сферата на управување на Установата – Установата има Управен одбор и Орган за надзор, решенија за разрешување на стари и назначување на нови членови на Управен одбор и Орган за надзор за кои беа свикани седници и за истите беше доставено известување до Министертсво за социјална политика, демографија и млади.Направен јавен повик за формирање на Совет на Корисници и во тек е целокупната процедура.

Правник
Бисера Касутевска Ќосиќ


Јавна установа Детски дом 11 Октомври Скопје Institucioni Publik *shtëpia e fëmijëve 11 tetor Shkup*
Ул. „Васил Ѓоргов 25
Република Северна Македонија
Rr.Vasil Gorgov 25
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 02 3113-254
e-mail:judd-sk@mtsp.gov.mk